Врз основа на член 121, став 1, 4 и 5 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на РМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16) и согласно член 10 од Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранувањена отпад („Службен весник на РМ" бр. 30/13)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.03.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и индустриски неопасниот отпад на територијата на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 15/10), во членот 2, по зборовите: „Листата на видови отпад, означен како неопасен отпад," се додаваат зборовите: „вклучувајќи го и комерцијалниот отпад".

**Член 2**

Во членот 2, по став 1 се додаваат ставовите 2, 3 и 4 кои гласат:

„Корисници на услугата за собирање и транспортирање на комунален отпад се физичките лица (домаќинствата) од индивидуални станбени единици, колективни станбени единици и домаќинствата во рурални средини.

Корисници на услугата за собирање и транспортирање на комерцијален отпад се следните категории правни и физички лица:

- големи правни субјекти (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта)
- мали правни субјекти (мини маркети, колонијали, канцеларии, угостителски објекти, трафики и сл.)
- училишта, градинки, здравствени објекти здравствени ординации од примарна здравствена заштита, пензионерски домови, верски објекти и сл).

Корисници на услугата за собирање на индустриски неопасен отпад се правни и физички лица кои создаваат отпад од производните процеси во индустријата кој не содржи опасни карактеристики".

**Член 3**

Во членот 3, став 1 по зборот „комуналниот", се додаваат зборовите „ отпад и комерцијалниот отпад од мали правни субјекти", понатаму зборовите „индустриски неопасниот отпад" се бришат.

Во членот 3, после став 1 се додаваат ставовите 2 и 3 кои гласат:

„Висината на цената за собирање и транспортирање на комерцијален отпад за правни субјекти утврдени во член 2, став 3, алинеја 1 и 3 од оваа Одлука се пресметува врз основа на количеството и видот на создадениот отпад, изразен во денар на метар кубен отпад и изнесува:

- 463 ден/$м^3$.

| Примено: | 04.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 983/1 | | |

Висината на цената за собирање и транспортирање на индустриски неопасниот отпад од член 2, став 4 од оваа Одлука се пресметува врз основа на количеството и видот на создадениот отпад, изразен во денар на метар кубен отпад и изнесува:

- за физички и правни лица - 463 ден/$м^3$".

**Член 4**

По членот 3 се додаваат членовите:

**Член 3-а**

„Доколку создавачите на комерцијален отпад утврдени во член 2, став 3, алинеја 1 и 3 од оваа Одлука, спроведат селекција на отпад и селектираниот отпад го предадат на давателот на услугата ЈКП „Дервен", висината на цената ќе биде намалена за 5% за секој $м^3$ собран селектиран отпад од износот од утврдената цена за $м^3$.

**Член 3-б**

ЈКП „Дервен" е должен да склучи посебен договор со секој корисник на услугата од член 2, став 2, алинеја 1 и 3, како и член 2 став 4 од оваа Одлука, во кој ќе бидат регулирани правата и обврските на корисникот и давателот на услугата."

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес, а ќе се применува од 01.05.2018 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров

Број 25-1663/5
30.03.2018 година
Велес

Доставено до:
-Градоначалник,
-одд. за ком. работи
-инспекциски одд.
-Списи и архива